**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1225/2**

# З А П И С Н И К

**Од 80-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 26.02.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство и Јана Руси-Граматниковска-претседател на пописна комисија-МРТ.

Седницата започна во 11:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од 79-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**2.**Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ,со состојба на 31.12.2018 година.

**3.**Разгледување на Информација за вредносно усогласување на побарувањата од Радиодифузна такса.

**4.**Разгледување на записник и мислење од Етичката комисија на МРТ.

**5.**Разно

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 79-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 79-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 79-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 79-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ,со состојба на 31.12.2018 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Јана Руси-Граматниковска-претседател на пописна комисија која детално го објани Извештајот за извршен редовен годишен попис на средства и изворите на средства во ЈРП МРТ како начинот и подготовките како се одвивал целиот процес и при тоа објасни дека истиот предходно бил разгледуван на седница на Надзорниот одбор на МРТ со мали забелешки од техничка природа.
По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја стави на гласање Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2018 година.

Врз основа на член 473 од Законот за трговските друштва (Сл.весник на РМ.бр.28/04,84/05,25/07,87/08,42/10,48/10,24/11,166/12,70/13,119/13,187/13) и Член 5 од Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот(Сл.весник на РМ 107/11),Програмскиот совет на МРТ на својата 80-та седница одржана на 26.02.2019 година,донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2018 година**

**I.** Се усвојува Извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата, побарувањата и обврските на МРТ за 2018 година со предложените заклучоци од пописните комисии.

**II.** Утврдените разлики по пописот на материјалните средства да се книжат и тоа;

Со констатираниот расход на **основни средства** не се намалува сметководствената состојба и залихите остануваат во сметководствената евиденција се додека не се отуѓат, или се постапи со нив согласно законски предвидена постапка.

***1.Расход на основни средства :***

| Организационен дел | Набавна вредност | Акумулирана амортизација | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Генерална дирекција | 443.802,00 | 399.305,00 | 44.497,00 |
| Македонско радио | 1.241.253,00 | 1.200.103,00 | 41.150,00 |
| Македонска телевизија | 1.426.989,00 | 1.306.776,00 | 120.213,00 |
| Заеднички функции | 164.509,00 | 164.509,00 | |
| Вкупно | **3.276.553,00** | **3.070.693,00** | **205.860,00** |

**Расходуваните** материјални средства и други материјални средства кои се технолошки дотраени, книговодствено да се отпишат, а вработените кои ракуваат со средствата да се раздолжат.

| Организационен дел | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Генерална дирекција | 20.449,00 | 20.449,00 | |
| Македонско радио | 111.074,00 | 111.074,00 | |
| Македонска телевизија | 81.736,00 | 81.736,00 | |
| Заеднички функции | 64.704,00 | 64.704,00 | |
| Вкупно | **277.963,00** | **277.963,00** | |

***2.Расход на ситен инвентар во употреба :***

***3.Расход на ХТЗ во употреба :***

| Организационен дел | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Македонско радио | 779,00 | 779,00 | |
| Заеднички функции | 5.395,00 | 5.395,00 | |
| Вкупно | **6,174,00** | **6,174,00** | |

***4.Расход на ситен инвентар во употреба во бифе :***

| Организационен дел | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Заеднички функции | 13.590,00 | 13.590,00 | |
| Вкупно | **13.590,00** | **13.590,00** | |

***5.Расход на авто гуми во употреба :***

| Организационен дел | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Заеднички функции | 174,560.00 | 174,560.00 | |
| Вкупно | **174.560,00** | **174.560,00** | |

***6.Расход на материјали од главен магацин,*** *се расходуваат залиха од електрични,столарски и залиха на помошен магацин во износ од* ***29.320,00 денари***

*7.**Од вонбиласна евиденција,** се расходуваат материјали -касети во износ од* ***535.639,00 денари.***

**III. Побарувања**

Побарувањата во износ од **21.603,00** ден, кои се застарени да се отпишат се книжат како трошок,додека износот од **42.575,00** ден. е вредносно усогласен и не влиае на финансискиот резултат.
Останатиот износ од **179.020.970,00** денари вредносно се усогласува .

***1.Отпис на побарувања во земјата:***

| О п и с | С-до должи | С-до побарува |
|---|---|---|
| Побарување од купувачи во земјата | 42.575,00 | |
| Побарување од проекти | 21.603,00 | |
| **ВКУПНО** | **64.178,00** | |

***2. Вредносно усогласување на побарувања:***

| О п и с | С-до должи | С–до побарува |
|---|---|---|
| Радио дифузна такса | 178.111.917,00 | |
| Побарувања од купувачи во земјата | 257.277,00 | |
| Побарувања од купувачи во странство | 651.776,00 | |
| **Вкупно** | **179.020.970,00** | |

**IV.Обврски**
Обврските за примени аванси од купувачите во земјата во износ од **17.210,00** денари да се отпишат во корист на приходи од отпис на обврски.

***1. Отпис на обврски***

| О п и с | С-до должи | С-до побарува |
|---|---|---|
| Примени аванси од купувачи во земјата | - | 17.210,00 |
| **ВКУПНО:** | | **17.210,00** |

**V**.Програмскиот совет на ЈРП МРТ го задолжува Директорот на ЈРП МРТ да формира комисија, која ќе има за задача да ги евидентира и да констатира дека расходуваните средства постојат, како и да ги собере расходуваните средства и да ги смести во соодветен магацински простор поделени по вид.
По спроведената проценка на средствата, да се спроведе постапка за отуѓување на непотребните основни средства и ситен инвентар, согласно закон.

**VI**.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Сектор за правни работи и човечки ресурси,
- Сектор за финансиско работење,
- Одделение за сметководство,
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО,
- Председател на пописна комисија,
- Архива на МРТ

■**Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2018 година** година беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2018 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација за вредносно усогласување на побарувањата од Радиодифузна такса.**
Воведно излагање по оваа точка даде Сузана Николовска раководител на одделение за сметководство која пред пристуните го објасни материјалот од Информацијата за вредносно усогласување на побарувањата од Радиодифузна такса, притоа прецизирајќи дека не се работи за отпишување на побарувањата,туку дека истите се намалуваат и се искажуваат како

неплатени.Оваа проценка објасни во продолжение Сузана е да се направи проценка како во иднина ќе се движи обрезведнувањето на побарувањата кој ги има куќата.

Претседателката на совтеот праша дали МРТ има информација дека УЈП превзема било какви чекори од своја страна за да ги наплатаи побарувањата по однос на РДТ такса.
Сузана Николовска со одговор дека редовни средби и контакти има помеѓу МРТ и УЈП, но дека нешто суштинско да биде превземено од страна на УЈП до сега нема,побарани се неколку начини од страна на МРТ и компензација со доглот по однос на данок на добивка кој го има МРТ која добивка и реално не е реализирана, но и по истото нема никаков реален одговор.
Сузана Николовска раководител на одделение за сметководство истакна дека за секакво раздвижување по било какво побарување од РДТ,Програмскиот совет на МРТ ќе биде писмено известен од страна на службите во МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување на записник и мислење од Етичката комисија на МРТ.**
Како што беше побарано на предходната седница на Програмскиот совет на МРТ од страна на членот Златко Јанковски,пред присутните беше доставен Записник од третата седница на Етичката комисија на МРТ против вработените Мустафа Адеми и Сања Бујан одржана на ден 17.01.2019 година.
Записникот од одржаната Етичка комисјија на МРТ беше разгледан без забелешки од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**

По оваа точка од дневниот ред беа предложени два Заклучоци:

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да даде Информација по однос на нацрт Правилникот за постапката и начинот на донесување,реализирање и емитување на програмата на МРТ, работен во соработка со Институтот за општествени и хуманистички науки и ЗНМ, до каде е усогласувањето на истиот и кога ке биде доставен од страна на Директорот на МРТ до Програмскиот совет на МРТ на разгледување.
Информацијата да биде доставена до Програмскиот совет на МРТ во рок од 10 дена.
-Заклучокот беше едногласно усвоен.

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да обезбеди Информација која ќе го содржи процесот и начинот на избор на претставник за песна на Евровизија-Евросонг 2019 (Тел Авив-Израел).
Информацијата да биде доставена до Програмскиот совет на МРТ во рок од 10 дена.
-Заклучокот беше едногласно усвоен.

Седницата заврши во 12:20 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател